CENL
Foundation Conference of European National Librarians

Die Europäische Bibliothek L sos The European Library De uropeos La Biblioteca Europe

europeana think culture

**Копенхаген, 28 септември 2011 година**

## Директорите на европските национални библиотеки поддржуваат давање дозвола за Отворени податоци (Open Data Licensing)

На средбата во Кралската библиотека во Данска, мнозинството на Конференцијата на европските национални библиотеки (ЦЕНЛ) гласаше да се поддржи давањето дозвола за отворени податоци. ЦЕНЛ ги претставува националните библиотеки на Европа и е одговорна за масовно собирање на публикации кои го претставуваат насобраното знаење од Европа.

## Што значи тоа во пракса?

Тоа значи дека групите податоци кои ги опишуваат милионските книги и други текстови што се издадени во Европа – насловот, авторот, датумот, печатарот, местото на издавање и други податоци, кои веќе постојат во огромните библиотечни каталози низ Европа – ќе станат многу попристапни за секој што сака да ги користи за било која потреба.

Тоа значи дека Википедија ќе може да ги користи метаподатоците, поврзувајќи ги со сите видови статии; исто така, тоа значи дека програмерите ќе може да ги вградат овие податоци во нови мобилни алатки поврзани со туризмот и учењето. Уште повеќе, за информатичарите - научници, тоа ќе значи дека големите количини на доверливи податоци се достапни за развој на поврзани отворени податоци, создавајќи релации меѓу елементи на информации што претходно не можело ни да се замисли. Можноста да се создадат нови релации меѓу групите податоци од најголемите европски библиотеки ја создава „машината што создава знаење“, како што вели експертот по семантичка веб технологија, д-р Штефан Градман, професор по библиотечни и информациски науки на Универзитетот Хумболт во Берлин.

Првиот резултат од спогодбата за давање дозвола за отворање на податоците е дека метаподатоците што националните библиотеки ги испраќаат во

Еуропеана.еу, Европската дигитална библиотека, музеј и архив, преку Европската библиотека како сервис на ЦЕНЛ, ќе добијат Creative Commons Universal Public Domain Dedication или *Криејтив комонс лиценца* - CC0 лиценца (заедничко креативно добро). Овие метаподатоци се однесуваат на милиони дигитализирани текстови кои влегуваат во Еуропеана по пат на различни иницијативи како што е акцијата на Гугл за масовна дигитализација на книги во националните библиотеки во Холандија и Австрија.

Бруно Расин, новиот претседавач на ЦЕНЛ и претседател на Националната библиотека на Франција и д-р Елизабет Нигеман, поранешниот претседавач на ЦЕНЛ и директор на Националната библиотека на Германија, го поздравија лидерството на ЦЕНЛ. Д-р Нигеман рече, *„Да се даваат податоците преку една отворена лиценца претставува клуч за поставување на културните институции како што се националните библиотеки во срцето на иновациите во дигиталните апликации. Само на тој начин општеството добива комплетен општествен и економски бенефит од податоците што ги креиравме за да ги забележиме резултатите на европското издаваштво во последните 500 години. Најдобра споредба може да се направи меѓу водата од шише и водата од водовод. Наместо да ги пакуваме и да ги брендираме податоците, ние ги пуштаме на славина такашто секој има слободен и отворен достап до нив и може да ги користи за било која потреба“.*

Ова соодветствува на зборовите на европската комесарка за Дигитална агенда, Нил Крос (Neelie Kroes) која во нејзиниот говор на Самитот за отворена Европа оваа недела рече: *„Убедена сум дека можноста за повторно користење на јавните податоци во голема мера не е искористена. Овие податоци претставуваат извор, еден нов и вреден сиров материјал... Да се откопа истиот, потребна е инвестиција која ќе биде корисна за сите нас“.*

Покрај прикажувањето стратешко водство во секторите на наследството и информациите, библиотеките имаат двојна корист. Прво, како што нивните податоци стануваат сè поприсутни онлајн, тоа ќе ги води корисниците назад до изворот, односно до библиотеката, поттикнувајќи ги да ја посетуваат било онлајн или на самото место. Второ, библиотечните податоци ќе бидат збогатени преку контакт со комплементарни извори на податоци, и ќе бидат достапни за повторно користење и за надградување на услугите за корисниците.

Конакт за повеќе информации: Jonathan.purday@bl.uk

**CENL:** Основана 1987 година, Конференцијата на директорите на европските национални библиотеки ја развива улогата на националните библиотеки во Европа, особено нивната одговорност во одржувањето на националното културно наследство, преку обезбедување пристап до знаењето и поддршка на сродни истражувања и развојни активности. **Членови на ЦЕНЛ** се директорите на националните библиотеки од државите, членки на Советот на Европа. ЦЕНЛ има 49 члена од 46 земји. Конференцијата се состанува еднаш годишно во полн состав, а оваа година таа беше организирана на крајот на октомври во Данска, во Копенхаген.

ЦЕНЛ е сопственик на **Европската библиотека** (The European Library), која ги обединува библиографските и дигиталните содржини на библиотеките со цел да го поддржи пан-Европското истражување во хуманитарните и општествените науки. Истовремено, Европската библиотека има улога на агрегатор за Еуропеана.

**Еуропеана:** ги обединува дигиталните содржини од европските библиотеки, галерии, музеи, архиви и аудиовизуелни збирки. Во моментов, Еуропеана обезбедува интегриран пристап до 20 милиони книги, филмови, цртежи, музејски предмети и архивски документи од околу 1500 обезбедувачи на содржини. Застапена е содржина од сите земји, членки на Европа, а интерфејсот е преведен на 27 европски јазици. Главното финансирање на Еуропеана го обезбедува Европската комисија.

Еуропеана е финансирна за да ја заинтересира јавноста со дигитализираните содржини и да овозможи иновација во секторот за културно наследство. Фондацијата Еуропеана, која ја води Еуропеана и се состои од професионални асоцијации на европски организации од културното наследство, минатата недела, исто така се изјасни за дозволување отворени податоци.

**Creative Commons Universal Public Domain Dedication** или **CC0 лиценца**
*Криејтив комонс* е непрофитна организација, основана во 2001 година, која ја промовира креативната повторна употреба на интелектуални и уметнички дела било да се во нечија сопственост или на јавен домен. Преку бесплатните лиценци за авторски права, *Криејтив комонс* им нуди на авторите, уметниците, научниците и едукаторите да избираат од флексибилната низа на заштити и слободи.

Алатките на јавниот домен на организацијата *Криејтив комонс* го подобруваат јавниот домен на тој начин што овозможуваат делата од културата и други дела кои се ослободени од авторски права, лесно да се пронајдат преку интернет, како и дела чии сопственици сакаат да ги стават на јавен домен. Лиценцата CC0 им овозможува на научниците, предавачите, уметниците и други креатори и сопственици на авторски права или бази на податоци со заштитени содржини да се одречат од тие интереси и на тој начин да ги сместат на јавен достап така што другите ќе можат слободно да ги надградуваат, подобруваат или повторно да ги искористуваат делата за било која цел без ограничувања кои произлегуваат од авторските права и законот за бази на податоци.